РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
Бр. 02-1774/2
6.7.2023 година

Врз основа на член 110, точка 15 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 68, став 1 точка 15 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр.464/2019 и 464/2021-анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, постапувајќи по предлог одлуката на Деканатската управа, бр. 02-1774/2 од 27.6.2023 година, на редовна седница одржана на 3.7.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за утврдување на условите, критериумите, и постапката за избор на кандидат за наставна мобилност од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математичкиот факултет - Скопје во рамките на програмата Еразмус + од редот на наставниот кадар

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите, критериумите и постапката за избор на кандидат за наставна мобилност од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математичкиот факултет - Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) во рамките на програмата Еразмус + од редот на наставниот кадар и изготвување на ранг листа на пријавени кандидати.

## УСЛОВИ

### Член 2

За да може да се оствари мобилноста потребно е да се исполнети следниве услови:

- Кандидатот да има поднесено апликација со потребни документи согласно Конкурс објавен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) за мобилност на наставен кадар во рамките на Еразмус + програмата;
- Апликацијата да е поднесена во рокот утврден во конкурсот и
- Да има потпишан Еразмус + договор меѓу Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и институцијата каде кандидатот избира да оди.

Апликациите кои не ги исполнуваат условите од став 1 на овој член нема да бидат земени во предвид во постапка за одлучување.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

### Член 3

На конкурсот може да се пријават лица вработени на Факултетот и избрани во наставно-научни или соработнички звања, освен асистентите кои се активни студенти на трет циклус студии.

Асистентите од претходниот став имаат право да се пријават на Конкурсот за студентска мобилност.

Рангирањето на кандидатите ќе се врши врз основа на принципот на ротација на Институтите, според следниот редослед, почнувајќи од конкурсот распишан за академската 2023/24 година:

- Институт за Хемија,
- Институт за Математика,
- Институт за Етнологија и антропологија,
- Институт за Географија,
- Институт за Физика и Сеизмолошка опсерваторија,
- Институт за Биологија.

**Член 4**

Во случај на Факултетот да му бидат доделени повеќе од едно место за наставна мобилност по распишан конкурс во дадената година, местата се распоредуваат по едно на институт согласно утврдениот редослед на институти.

**Член 5**

Доколку од институт кој поседува тековна предност не се пријавил кандидат, предноста се пренесува на следниот институт во списокот.

Институтот/институтите кои го искористиле правото на мобилност во тековната година се префрлуваат на крајот од списокот, по истиот редослед.

**член 6**

Во случај на конкурсот да се пријават повеќе кандидати од ист институт, дополнително се спроведува бодување на кандидатите по институти. За таа цел се применуваат критериумите за бодување наведени во конкурсот за избор на најдобар научник на Универзитетот, за активности на кандидатите во претходната календарска година.

Начинот на бодување од став 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

Врз основа на доделените бодови се изработуваат институтски ранг-листи.

**ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР**

**Член 7**

Кандидатите лично ја поднесуваат апликацијата до Еразмус+ координаторот на Факултетот во рокот утврден во конкурсот.

По завршување на Конкурсот, Координаторот за Еразмус + во соработка со Продеканот за наука и меѓународна соработка и Комисијата за наука и издавачка дејност на Факултетот врши евалуација на доставените апликации, согласно критериумите утврдени во член 3, 4, 5 и 6 од оваа Одлука.

По завршување на евалуацијата на доставените апликации се составува конечна ранг-листа на пријавените кандидати.

**Член 8**

Конечната ранг-листа се формира на следниов начин: најпрво се внесуваат прворангираните кандидати од институтските ранг-листи според тековниот редослед на институтите. Потоа, според истиот редослед, се внесуваат второ-рангираните, па

трето-рангираните и.т.н. кандидати од институтските ранг листи се до последниот пријавен кандидат.

Конечната ранг листа се доставува до Одделението за меѓународна соработка при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на понатамошно постапување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Редоследот на Институтите утврден во член 3 став 3 од оваа Одлука, ќе се ажурира согласно член 5 став 2 од оваа Одлука, по добивањето на конечните резултати од Одделението за меѓународна соработка при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за прифаќање на кандидати за реализација на мобилност.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Д е к а н**

**Проф.д-р Александар Скепаровски**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
Природно математички факултет Скопје

Да се достави до:
Архива;
Продекан за меѓународна соработка, за научни и апликативни прашања;
Еразмус + координатор;
Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење;
Институти